# ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
# ГРАДОНАЧАЛНИК

Арх. број:10-53/17

Дата: 15.05.2025 год.

Општина Демир Капија

ул. " Маршал Тито" бр.15Б
Демир Капија
Република Македонија
Тел. (043) 366 212
Факс. (043) 364 133
E-пошта: opstinadk@yahoo.com
www. opstinademirkapija.gov.mk

Лице за контакт:
Тони Петков
070 303 641
tony_petkov@yahoo.com

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Демир Капија донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба до 35 kv електричен кабелски подземен вод, со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 -дел, КП 230/1 - дел и КП 1208/3 - дел, КО Бистренци, општина Демир Капија, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Демир Капија, www.demirkapija.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на електричен кабелски подземен вод до 35 KV, КО Бистренци, општина Демир Капија, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини:

- Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности. Реализацијата на документацијата со намена за изградба на далновод ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје. Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Цел на градбата на електроенергетскиот подземен вод 35 kV со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија, на КП 21/1 - дел, КП 230/1 - дел и КП 1208/3 - дел, КО Бистренци, општина Демир

# ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
# ГРАДОНАЧАЛНИК

Арх. број:10-53/17

Дата: 15.05.2025 год.

Општина Демир Капија

ул. " Маршал Тито" бр.15Б
Демир Капија
Република Македонија
Тел. (043) 366 212
Факс. (043) 364 133
Е-пошта: opstinadk@yahoo.com
www. opstinademirkapija.gov.mk

Лице за контакт:
Тони Петков
070 303 641
tony_petkov@yahoo.com

Капија, е за идното поврзување на фотоволтаичната електрана опфатена со Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште на КП 21/1, КП 21/2, КП 21/12, КП 230/2, КП 230/9, КП 230/10, КП 1208/1, КО Бистренци, општина Демир Капија. Вкупната должина на електричниот вод изнесува 375 метри.

Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Градоначалник,**
**Лазар Петров**

*Изработил: Младен Петров*
*Контролирал: Тони Петков*
*Одобрил: Благој Јовановски*